UNIQA Арх. 2020/0202-210 од 30.12.2020 г

Управниот одбор на Друштвото за осигурување УНИКА А.Д Скопје на седница одржана на ден 30.12.2020 год. ја донесе следната

# О Д Л У К А

**Член 1**

Се усвојуваат Посебни услови за осигурување на раководители (менаџери) од последици од несреќен случај (незгода) со примена на валутна клаузула

**Член 2**

Посебни услови за осигурување на раководители (менаџери) од последици од несреќен случај (незгода) со примена на валутна клаузула да се објават на веб страната на УНИКА АД Скопје.

**Член 3**

Посебни услови за осигурување на раководители (менаџери) од последици од несреќен случај (незгода) со примена на валутна клаузула донесени со одлука број 06/04-3 од 15.10.2004 година престануваат да важат со стапување во сила на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила на 01.01.2021 година

**Член 5**

Се задолжува правна служба условите да ги изготви во соодветна форма согласно законските прописи и во рок од 5 работни дена од донесување на оваа одлука да ги достави до Агенцијата за супервизија на осигурување .

## Образложение:

Друштвото за осигурување во рамки на постапката за ревизија на Условите за осигурување ,спроведе анализа на истите заради утврдување дали истите се усогласени со законските одредби особено со членот 49,50 и членот 52 од ЗСО и насоките во Циркулар-Предмет известување во врска со склучување на договори за осигурување со вклучен ризик смрт како последица од болест од Агенцијата за супервизија на осигурување број 08-451/1 од 27.07.2020 година.
Поради обемноста на измените ,Друштвото ценеше за потребно да се усвојат нови Услови наместо да се изготвуваат во форма на дополнување и измена.

Новите услови ке се применуваат за договори склучени од 01.01.2021 година.

Претседател на Управен одбор
на УНИКА А.Д. Скопје
Дритон Азизи

UNIQA Друштво за осигурување УНИКА А.Д. Скопје Генерална Дирекција Правна служба

UNIQA АД Скопје, друштво за осигурување
бул. ВМРО бр.3, 1000 Скопје
Тел.: +389 2 32 88 800
Интернет: www.uniqa.mk, E-Mail: info@uniqa.mk

Седиште: Скопје
ГПШ 65,12
ЕДБ: 4030004518463
ЕМБС: 5896100